# ИНФОРМАТОР

* * *

Здружението на социолозите на Република Македонија на 15. 03. 1995 година го одржа своето редовно изборно собрание на кое, покрај другото, беше усвоен извештајот за работата на Здружението во периодот од февруари 1993 до април 1995 година, а беа избрани и нов претседател на Здружението како и членови на Претседателството. За претседател беше избрана проф. д-р Блага Петроска. На првата седница на Претседателството во новиот состав, за потпретседатели беа избрани Гордана Трајкова и Нафи Сарачини, а за секретар м-р Зоран Матевски. Други членови на Претседателството се Томе Филипов, Трајан Крстески, Жаклина Поп-Илиева, Славе Младеновски и Соколе Штрковски (подоцна избран на местото на м-р Златко Жоглев). На истиот состанок за главен и одговорен уредник на списанието „Социолошка ревија" е назначен д-р Јован Корубин.

## *Од работата на Здружението на социолозите на Република Македонија во периодот февруари 1993 - април 1995 година*

Веднаш по одржувањето на изборното собрание во февруари 1993 година се пристапи кон редефинирање на статусот и организацијата на Здружението кое, како што е познато, мораше да ја прилагоди својата дејност на новонастанатите услови во Република Македонија. Имено, многу активности и дотогашни контакти на дотогашното Здружение за социологија беа речиси сосема замрени а организационите форми на дејствување веќе застарени и неприменливи.

Токму затоа, и првичните активности беа, пред сè, од конститутивно-организациски карактер. Беше изработен и усвоен нов Статут на здружението со кој, меѓу другото, тоа го промени своето име од Здружение за социологија на СР Македонија во Здружение на социолозите на Република Македонија. Сите овие промени беа проследени со неопходните техничко-нормативни измени (нов печат на Здружението, амблем и сл.).

Паралелно со конститутивно–организационата активност се одвиваше и активноста за зачленување на Здружението во Меѓународната социолошка асоцијација чие седиште е во Мадрид. Во јули 1993 година Здружението беше известено дека е примено во Меѓународната социолошка асоцијација со неговиот полн назив т.е. под уставното име на Република Македонија. На тој начин беа воспоставени редовни контакти со светската асоцијација со размена на информации, а Здружението беше покането да учествува со свој делегат во работата на Советот на меѓународната социолошка асоцијација. За член на Советот беше делегирана проф. д–р Марија Ташева која веќе кон крајот на јули 1993 година учествуваше на неговиот состанок одржан во Јевле, Шведска. На состанокот колешката Ташева го запозна пошироко овој Совет со работата на нашето Здружение, а учествуваше и во расправата за измените на Статутот на светската асоцијација.

Заслужува да се одбележи нашето присуство на Светскиот конгрес на Меѓународната социолошка асоцијација кој се одржа во Билифелд, Германија. На Конгресот во својство на делегат во работата на Советот на оваа асоцијација учествуваше д–р Ѓорѓе Младеновски. Претходно, на барање од Извршниот комитет на светската асоцијација беа дадени и предлози на кандидати за членови од нашето Здружение во одделни органи и тела на оваа асоцијација (д–р Марија Ташева и д–р Ѓорѓе Младеновски), но за жал при гласањето на Конгресот тие наши кандидати не беа избрани.

Треба, меѓутоа, да се каже и тоа дека индивидуалниот интерес за стручно (со свои соопштенија) учество на овој конгрес меѓу нашите социолози беше мал. Доколку таквиот интерес не изостанеше веруваме дека, со извесни напори, ќе можеше да се обезбеди побројно учество на овој Конгрес.

Голем дел од работата на Здружението во изминатиот период се одвиваше и на професионален план. Имено, речиси во текот на целиот изминат период Здружението се ангажираше во решавањето на прашањето за статусот на наставниците по социологија во средните училишта. Како што е познато предметот по социологија во овие училишта, покрај социолози, го предаваат и наставници од други профили – професори по филозофија, историја, педагогија и сл. Тоа е резултат делумно на затекнатата ситуација по укинувањето на предметот основи на марксизмот и делумно на претходно утврдениот норматив кој ја даваше мож–

носта предметот социологија да го предаваат и наставници по филозофија.

Во таа смисла нашето Здружение најенергично протестираше прво преку печатот, а потоа и преку остварените контакти со Министерството за образование и физичка култура, со Педагошкиот завод на РМ и со Педагошкиот совет на РМ. Од страна на нашето Здружение беше изготвен и конкретен предлог нормативот да се измени во смисла на тоа дека предметот социологија да можат да го предаваат само дипломирани социолози. Се сложивме тоа да се спроведе на тој начин што овој предмет би можеле да го предаваат и други профили но кои биле вработени заклучно со 1980 година кога излегоа и првите дипломирани социолози, додека за останатите да се преземат чекори за нивна замена со соодветни кадри.

Треба, меѓутоа, да се истакне дека на разбирање не наидувавме и покрај нашето енергично истапување, особено на седниците на Педагошкиот совет кој ги усвојува нормативите. На крајот, сепак, се успеа во тоа постоечкиот норматив да биде изменет во смисла на тоа дека предметот социологија можат да го предаваат само дипломирани социолози, но со важност само за новите вработувања. Тој норматив е во сила и сега.

Не наиде на разбирање и нашето настојување за вработување, во постоечките училишни стручни тимови на т.н. училишни социолози за што постои и правна основа. Образложението беше дека не постојат средства за такво нешто.

Поради сето ова во два наврата Здруженито покрена и постапка пред Уставниот суд на РМ со пошироко образложение на предметот. Уставниот суд, меѓутоа, и во претходниот и во сегашниот состав, ја отфрли таа наша иницијатива со образложение дека нема основа за нејзино разгледување.

Очигледно голем дел од напорот беше ставен на наставата по социологија во средните училишта. За сметка на тоа беше запоставена активноста околу она наше членство кое е невработено или е, пак вработено во стопанството. Останува вниманието кон ова членство да биде свртено во наредниот период.

Беше организиран и еден меѓународен научен собир, како и едно стручно советување.

Меѓународен научен собир беше организиран на тема „Културниот плурализам и општествената интеграција" кој се одр-

жа во Охрид , во почетокот на октомври 1994 година. На собирот зедоа учество 23 научни работници, со свои соопштенија, од нашата земја како и од Полска, Бугарија, САД, Данска и Хрватска. Треба да се каже дека собирот во јавноста беше високо оценет.

Стручното советување кое беше всушност организирано од страна на Педагошкиот завод на РМ во соработка со нашето здружение кое обезбеди стручна помош за негово одржување беше на тема „Наставникот и наставата по социологија во средното образование". На советувањето зедоа учество околу стотина наставници по социологија и повеќе членови на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет (д-р Б. Петроска, д-р М. Ташева, д-р Ј. Корубин, д-р Н. Стојаноски и м-р З. Матевски). На овој собир, кој може да се оцени како многу успешен, беа разменети мислења и искуства во врска со наставата по социологија, како и за учебникот по социологија за средните училишта.

Претседателството на Здружението за време на својот мандат одржа 4 состаноци од кои три на регионално ниво (два во Кочани и еден во Битола). При овие состаноци беа остварени и регионални контакти со извесен број на членови на Здружението.

Сé на сé, ако се има предвид тоа од која и каква појдовна точка се тргна пред две години, може да се рече дека во овој период е остварена навистина значајна активност. Па сепак, и покрај тоа останува уште многу да се стори. Да се изразиме по малку метафорично: темелите се поставени, останува да се изгради куќата.

* * *

На покана од Бугарската социолошка асоцијација од 30 јуни до 3 јули 1995 година на нејзиниот седми конгрес одржан во Софија присуствуваа и двајца претставници на Здружението на социолозите на Република Македонија, м-р Зоран Матевски и Гордана Трајкова. Покрај другото тие зедоа и учество, со свои излагања, во темата на Конгресот под наслов „Човекот во социјалната трансформација".

* * *

Здружението на социолозите на РМ, во октомври 1995 година, во Кочани организира промоција на неколку изданија од областа на социологијата. Книгите „Семејниот живот на Маке-

донците доселени во Канада (Торонто)“ од д-р Блага Петроска, д-р Марија Ташева, д-р Нелко Стојаноски, м-р Зоран Матевски, Леонора Калајлиевска и Васил Плушковски и „Македонците во прекуокеанските земји“ од м-р Зоран Матевски ги претстави Славе Младеновски. За книгите „Општеството и човекот во транзиција“ и „Социологија на градот“, обете од д-р Илија Ацески, зборуваше д-р Јован Корубин.

* * *

Во декември 1995 година во Гевгелија, во организација на Здружението на социолозите, излагање за развојот на локалната самоуправа во Република Македонија имаше д-р Владо Поповски, министер за правда на РМ.